The Congress of Local and Regional Authorities
Le Congrès des pouvoirs locaux et régionaux

The Congress / Le Congrès
COUNCIL OF EUROPE / CONSEIL DE L'EUROPE

Претседател

Добродојдовте во „комплетот алатки“ на Конгресот на локални и регионални власти за стопирање на сексуалното насилство врз децата.

Расположливите податоци укажуваат на тоа дека секое петто дете во Европа е жртва на некаков облик на сексуално насилство, што претставува еден од најтешките облици на насилство врз децата.

Кампањата на Советот на Европа ЕДНО од ПЕТ се стреми да му пристапи на овој проблем преку подигањето на јавната свест и промовирањето на политики и стратегии кои ќе ги екипираат децата, нивните семејства/воспитувачи, владите, локалните и регионалните власти со знаења и вештини за спречување и заштита на децата од сексуалното насилство и злоупотребување.. Земјите членки на Советот на Европа, Парламентарното собрание и Конгресот на локални и регионални власти соработуваат со цел да обезбедат измени во законодавството и политиките поврзани со заштитата на децата.

Локалните и регионалните власти, се одговорни за зачувување и унапредување на заштитата и благосостојбата на децата и младите луѓе во соработка со партнери како што се третиот сектор јавните установи и приватниот сектор. Предизвиците со кои се соочуваат градовите и регионите во Европа се подигањето на јавната свест за овој проблем, изготвувањето и спроведувањето на акциони планови и стратегии засновани на потребите на заедницата и инвестирање во подобрувањето на услугите.

Конгресот изготви Пакт на градови и региони за запирање на сексуалното насилство врз децата, со кој се предлагаат мерки и стратегии, почнувајќи од едноставни и економски прифатливи иницијативи се до сеопфатни политики, со чија имплементација може да се поттикне остварувањето на целите на кампањата. Една од предложените мерки е локалните и регионалните власти да воспостават мултидисциплинарни центри за заштита на децата, по примерот на центрите што веќе постојат во неколку градови.

Конгресот го изготви овој „комплет алатки“, со кој на локалните и регионалните власти, здруженијата, невладините организации и останатите субјекти им предлага политики, стратегии и мерки за спречување на злоупотребата, заштита на жртвите, гонење на сторителите и обезбедување целосна вклученост на децата во овој процес. Овој „комплет алатки“ не е сеопфатен, тој пред се претставува вовед што дава некои корисни идеи за заштита на децата од сексуалната експлоатација и злоупотреба.
Погледнете ја содржината на „комплетот алатки“ за да научите повеќе за мерките што можат да се преземат за справување со сексуалното насилство врз децата – и слободно споделете ги информациите со другите!

Ве повикувам да го потпишете Пактот на градови и региони за стопирање на сексуалното насилство врз децата на следниот линк : www.coe.int/congress-oneinfive и со тоа да се вклучите во борбата против сексуалната експлоатација и злоупотреба на децата.

Жан-Клод Фрекон